# УСТАНОВА „ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ“ СКОПЈЕ

## НАЗИВ НА АКЦИЈАТА: УРБАНИ УМЕТНИЧКИ АКЦИИ

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01 ЈУЛИ 2016 - 31 ДЕКЕМВРИ 2017

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

Скопје, Март 2018

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**Имплементатор на проектот:**

Установа „Центар За Современи Уметности“ Скопје

**Раководство на проектот:**

Анита Ивковиќ

**Регистрирано седиштен а имплементаторот на проектот**

Бул. Гоце Делчев бр.11 ДТЦ Мавровка лам/А, кат 1/10 Скопје

**Проект**

| | |
|---|---|
| Назив на проектот: | Урбани уметнички акции |
| Времетрање: | 18 месеци (01.07.2016-31-12-2017) |
| Донатор: | Швајцарска агенција за соработка и развој (СДЦ) |
| Тип на донација: | Акциски грант во рамките на севкупниот проект CIVICA Mobilitas |
| | ЦИВИКА МОБИЛИТАС е проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), преставен од Швајцарската амбасада на Република Македонија, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институте за јавна администрација (СИПУ). |

Ревизори:

Рафајловски Ревизија ДОО - Скопје<br>Ул. Орце Николов бр.190<br>1000 Скопје<br>Република Македонија

# СОДРЖИНА

| | Страна |
|---|---|
| Финансиски извештаи за периодот од 01.07.2016-31.12.2017 година | |
| Извештај на независните ревизори | 4 |
| Финансиски извештаи | |
| Извештај за изворите на средства и нивното трошење | 5 |
| Извештај за трошоците | 6 |
| Белешки кон проектните финансиски извештаи | 7-14 |

РАФАЈЛОВСКИ ревизија
Членка на HLB International
ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје +389 2/3088-900 e -mail: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ПОДГОТВЕНИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ДОГОВОРОТ ЗА АКЦИСКИ ГРАНТ ДО „УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ“**

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на проектот „Урбани уметнички акции“ имплементиран од Установа Центар за современи уметности - Скопје (во продолжение: ЦСУ) финансиран од Акцискиот грант одобрен во рамките на Проектот Civica Mobilitas преку Македонскиот центар за меѓународна соработка (Договорен орган), кои ги опфаќаат Извештајот за изворите на средствата и нивното трошење и Извештајот за трошоците, за перидотот од 01 Јули 2016 година до 31 Декември 2017 година како и преглед на значајните сметководствени политики и објаснувачки информации. Финансиските извештаи се подготвени од раководството на ЦСУ врз основа на принципите на финансиско известување од Договорот за акциски грант број 11-245/1-2016 од 1 јули 2016 година.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи подготвени за посебна намена***

Раководството на ЦСУ е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со одредбите за финансиското известување од Договорот за акциски грант склучен со Договорниот орган, како и за интерните контроли кои се релевантни за подготвувањето и објективното презентирање, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Политиката на ЦСУ е да ги подготвува овие финасиски извештаи согласно сметководственото начело на готовинска основа. На оваа основа приходите се признаваат кога ќе се примат, а не кога ќе се заработатм а трошоците се признаваат кога ќе се платат а не кога ќе настанат.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на проектот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

РАФАЈЛОВСКИ ревизија

Членка на HLB International

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје +389 2/3088-900 e -mail: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ПОДГОТВЕНИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ДОГОВОРОТ ЗА АКЦИСКИ ГРАНТ ДО „УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ“**

***Мислење***

Според нашето мислење, приложените проектни финансиски извештаи на Установа ЦСУ - Скопје изготвени за перидот од 01 Јули 2016 - 31 Декември 2017 година се изготвени во сите материјални аспекти наплатените приходи и исплатените трошоци од страна на ЦСУ во согласност со одредбите предвидени во договорот за акциски грант како и во согласност со сметководствените политкики како што тие се изнесени во Белешката 3.

***Нагласување на прашање:***

Без да го квалификуваме нашето мислење, ние обрнуваме внимание на следното:

1. Како што е објаснето во Белешката 3.2 и Белешката 6, Извештајот за изворите на средствата и нивното трошење не ги содржи трошоците за ревизијата на финансиските извештаи како и банкарските трошоци за затворање на проектната сметка, кои се однесуваат на проектот и се соодветно буџетирани, но поради својата природа:
    a. Се настанати вотекот на проектот, но до датумот на овој извештај не се платени
    б. Се настанати по крајот на проектот и кои до датумот на овој извештај не се платени
2. Како што е објаснето во Белешка 3.2 и Белешката 5 дел од трошоците на Проектот кои настанале и се платени пред 31 Декември 2017 година се средства кои се обезбедени од други извори на ЦСУ.

***Ограничување на доставување и користење***

Овој извештај е наменет исклучиво за информирање и користење на раководството на ЦСУ и Донаторот за целта наведена во договорот склучен меѓу нив и не треба да се дистримуира до други страни без претходна писмена согласност. Извештајот не е подготвен за употреба од друи страни и може да биде несоодветен за таква употреба.

Скопје, 26 Март 2018 година

| Овластен ревизор | | Директор |
|---|---|---|
| Митко Попоски | Друштво за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ | Јасмина Рафајловска |

**УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - Скопје**

Проект: Урбани уметнички акции

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА И НИВНОТО ТРОШЕЊЕ
## за периодот 01.07.2016 - 31.12.2017

| | Белешка | За периодот 01 Јули 2016 до 31 Декември 2017 |
|---|---|---|
| **Извори на фондови - примања** | | |
| Трансфер од Договорниот орган | | 1.502.280 |
| **Вкупно примања** | **4** | **1.502.280** |
| **Исплати** | | |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | |
| Плати и надоместоци | | 860.740 |
| Вкупно за I | | **860.740** |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | |
| Наемнина | | 82.035 |
| Режиски трошоци | | 82.447 |
| Ревизија | | - |
| Телефон (мобилни) со интернет | | 44.020 |
| Сметководство | | 27.000 |
| Банкова провизија | | 8.876 |
| **Вкупно за II** | | **244.378** |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | |
| А1.1.1 Иницијален состанок со соработници - Транспорт на учесници | | 4.556 |
| А1.1.2 Иницијален состанок со соработници - Сместување и храна на ученици | | 1.318 |
| А1.2.1 - 25 Урбани акции - Транспорт, сместување и храна за 2 лица | | 169.938 |
| А1.2.2 - 25 Урбани акции - Набавка на материјали и хонорари за Интервенции врз локаццфлни (или регионални) проблеми | | 568.015 |
| А1.3.1 - 5 Работилници(транспорт и храна за работилници | | 18.765 |
| А1.3.2 - 5 Работилници (освежување за работилници | | 5.267 |
| А 1.3.3 - Работилници (хонорари за предавачи на работилници) | | 33.957 |
| А1.4.1 - Изложбан а видеа и фотографии од Урбани акции | | 28.480 |
| Вкупно за III | | **830.296** |
| **IV ИНДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | - |
| **V РЕЗЕРВИ** | | - |
| **ВКУПНО (I+II+III+IV+V)** | | **1.935.414** |
| **Кусок на приливи над исплати** | **5** | **(433.134)** |

Директор

Анита Ивковиќ

УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ • СКОПЈЕ

**УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - Скопје**

Проект: Урбани уметнички акции

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗДАТОЦИТЕ
**За периодот 1 јули 2016 – 31 декември 2017 година**
**(во МКД)**

| | Белешка | Реализирани | Буџетирани | % на искористеност на буџетот |
|---|---|---|---|---|
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Плати и надоместоци | | 860.740 | 864.000 | 99,62% |
| **Вкупно за I** | | **860.740** | **864.000** | **99,62%** |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Наемнина | | 82.035 | 99.000 | 82,86% |
| Режиски трошоци | | 82.447 | 63.000 | 100% |
| Ревизија | | - | 61.500 | - |
| Телефон (мобилни) со интернет | | 44.020 | 45.000 | 97,82% |
| Сметководство | | 27.000 | 27.000 | 100% |
| Банкова провизија | | 8.876 | 9.000 | 98,62% |
| **Вкупно за II** | | **244.378** | **304.500** | **80,26%** |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| А1.1.1 Иницијален состанок со соработници - Транспорт на учесници | | 4.556 | 15.000 | 30,37% |
| А1.1.2 Иницијален состанок со соработници - Сместување и храна на ученици | | 1.318 | 14.400 | 9,15% |
| А1.2.1 - 25 Урбани акции - Транспорт, сместување и храна за 2 лица | 6 | 169.938 | 128.000 | 100% |
| А1.2.2 - 25 Урбани акции - Набавка на материјали и хонорари за Интервенции врз локални (или регионални) проблеми | 7 | 568.015 | 440.000 | 100% |
| А1.3.1 - 5 Работилници(транспорт и храна за работници | | 18.765 | 25.000 | 75,06% |
| А1.3.2 - 5 Работилници (освежување за работилници | | 5.267 | 12.500 | 42,14% |
| А 1.3.3 - Работилници (хонорари за предавачи на работилници) | | 33.957 | 34.000 | 99,87% |
| А1.4.1 - Изложба на видеа и фотографии од Урбани акции | | 28.480 | 30.000 | 96,13% |
| Вкупно за III | | **830.296** | **698.900** | **100%** |
| **IV ИНДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | - | 35.055 | - |
| **V РЕЗЕРВИ** | | - | 18.674 | - |
| **ВКУПНО (I+II+III+IV+V)** | | **1.935.414** | **1.921.129** | **100%** |

# 1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОЕКТОТ

Установата Центар за современи уметности Скопје е доброволна, непрофитна, невладина, непартиска установа која работи посветено на создавање услови за автентична и необременета културна и уметничка продукција и зајакнување на капацитетите на креативна културна продукција во Македонија, при што ги промовира и целосно ги почитува културните разлики. ЦСУ ги оспособува уметниците и операторите во областа на културата да иницираат промени; промовира општо добро и развој на заедницата, преку лидерство, зајакнување и мобилизирање на независниот сектор. Исто така ЦСУ овзможува креирање предуслови за слободата на уметничкото и културно изразување, анимација на културниот живот, подршка на независната културна продукција, надминување на етничките и културните предрасуди, децентрализација на културата пропратена со инклузија на заедниците во опшеството и давање активен придонес кон севкупниот развој на културниот и опшествениот живот во Македонија и регионот.

На 6 јули 2016 година ЦСУ и Македонскиот центар за меѓународна соработка, во својство на договорен орган, склучија договор за Акциски грант во вкупен износ од 1.669.200 денари. Акцискиот грант се обрзбедува за спроведување на Проектот Урбани уметнички акции (натаму: Проект). Севкупната имплементација на Проектот и неговото финансирање се очекува да биде спроведено во период од 18 месеци почнувајќи од датата на отпочнување на Проектот на 1 јули 2016 година со завршување на проектот на 31 декември 2017 година.

Акцискиот грант е обезбеден во рамките на CIVICA Mobilitas –проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), претставен од Швајцарската амбасада во Република Македонија, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ).

Средствата на грантот кон ЦСУ ги обезбедува МЦМС.

Приложените финансиски извештаи на Проектот се однесуваат на гореспоменатиот период, за чие времетраење ЦСУ е одговорно за планирањето, спроведувањето, следењето и известувањето за Проектните сметки. Вкупниот буџет на Проектот изнесува 1.921.129 денари од кои 1.669.200 денари се средства од Грантистот и 251.929 се средства обезбедени од ЦСУ како кофинансирање на акцијата.

## 2. ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТОТ

Проектот Урбани уметнички акции се дели на два вида на цели и тоа:

**Општа цел** – Креирање и канализрање на граѓанскиот притисок преку употреба на уметнички и граѓански активистички средства и тактики, иницирање уметнички интервенции по локалните проблем, со кои се соочува граѓанскиот сецтор (вклучително и грантистите на цивика мобилитас доколку има интерес) и придонес кон нивно решавање преку зголемување на нивната видливост.

**Специфична цел** – Зближување, солидаризирање и заедничко делување помеѓу уметниците, архитектите, граѓанските активисти, невладиниот сектор и граѓаните преку комбинирана употреба на уметнички и граѓански/активистички средства и тактики кои ќе придонесат кон зголемување на видливоста на проблемите (јавен процтор, јавна свера, состојби во опшеството, проблем на локално/општинско/градско ниво) и ќе вршат притисок во јавноста за нивo решавање.

Своите цели Проектот ги достигнува преку спроведувањето 4 типа активности:

- 15-20 акции за обележување на проблемите и интервенции врз (локални или регионални
- 5-10 акции за зголемување на видливоста на проблемите со кои се соочува граѓанскиот сектор и невладините организации
- 5 еднодневни работилници со НВО-а активности за креативна комуникација и решавање на проблемите, еден иницијален дводневен состанок со соработниците на проектот и една изложбан а видеа и фотографии од акциите на крајот на проектот.

Резултатие кои се очекуваат да се достигнат со спроведувањето на проектните активности се сумираат како:

- Создадена рамка за здружен настап за креирање похуман и поквалитетен јавен и урбан процтор помеѓу уметниците, архитектите, активистите и НВО-ата и развиени креативни практиктики кои ја зајакнуваат самодовербата на граѓаните и граѓанските организации самите да се охрабрат да бараат решенија за своите проблем на креативен начин;
- Јакнење и враеање на изгубената самодоверба на граѓаните и граѓанските организации, преку остварување мали граѓански победи отворање нови прашања на кои надлежните бегаат од одговор;
- Зајакнати широко препознаени и успешни граѓански акции и иницијативи
- Имплементација на најмалку 25 акции во најмалку 6 града од кои 15-20 акции се однесуваат по разни типови на проблем со кои се соочуваат граѓаните и 5-10 со кои се соочуваат граѓанските организации и кои ја намалуваат ефикасноста и комуникацијата на граѓаните со граѓанските организации.

## 3. ОСНОВА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА ПРОЕКТОТ

### 3.1 Општо

Придружните финансиски извештаи на Проектот се подготвени за целите на известување донаторот за активностите на Проектот во врска со средствата добиени за исполнување на целите на Проектот во согласност со Договорот за грант склучен со Донаторот за поддршка на Проектот.

Финансиските извештаи на Проектот се подготвени за период од 18 месеци почнувајќи од 1 јули 2016 година до 31 декември 2017 година. Овие финансиски извештаи ги вклучуваат сите трошоци поврзани со проектот за времетраењето на Проектот.

### 3.2 Основа за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Политиката на Установа ЦСУ е да ги подготвува финасиските извептаи на готовинска основа. На таа основа, приходите се признаваат кога се примени, а не кога се заработени, а трошоците се признаваат кога се платени, а не кога настанале.

Вкупната исплата од донаторот во текот на набљудуваниот период изнесуваше 1.502.280 денари. Овие средства беа пренесени на Установата во текот на извештајниот период. По 31 декември 2017 година до датумот на овој извештај донаторот не доставил дополнителни средства на Установата.

Како што е објаснето во Белешка 5, дел од трошоците на проектот во износ од 433.134 денари, грантистот ги има обезбедено од други извори со цел спроведување на акцијата за која е склучен договорот.

Како што е објаснето во Белешка 6, во Извештајот за изворите и нивното трошење не е вклучен трошокот за ревизија на финасиските извештаи на проектот во износ од 61.500 и трошокот за затворање на сметката во износ од 1.500 денари.

## 4. БАНКАРСКА СМЕТКА НА ПРОЕКТОТ

| **Банкарска сметка на проектот** | **Во МКД** |
|---|---|
| Трансфер од Донорот на банкарската сметка на проектот | 1.502.280 |
| **Вкупно приливи на посебната банкарска сметка на проектот** | **1.502.280** |
| Намалено за издатоците за проектот | (1.429.139) |
| **Состојба на проектната банкарска сметка на 31 Декември 2017 година** | **73.141** |
| **Издатоци на проектот после 31 Декември 2017 поради природата на настанување** | **(53.340)** |
| **Состојба на банкарска сметка** | **19.801** |

Приходите од донаторот беа пренесени на банкарска сметка со која управува Установата во Халкбанк А.Д., Скопје. Оваа сметка Установата ја користи само за плаќање за трошоците на проектот.

## 5. ТРОШОЦИ ПЛАТЕНИ ОД ДРУГИ ИЗВОРИ НА УСТАНОВАТА

| | Во МКД |
|---|---|
| Трошоци од Договорниот орган | 1.482.479 |
| **Трошоци финансирани од други извори** | **433.134** |
| Вкупно направени трошоци | 1.915.613 |
| Вишок на приходи во однос на расходи салдо на банкарска сметка | 19.801 |
| Трошоци кои останувaат за исплата | (63.000) |
| Кусок на приливи над исплати за кои се задолжува договорниот орган | 43.199 |

Разликата помеѓу исплатените трошоци на проектот и приливите од донорот кои ги чинат вкупните платени приходи на проектот во износ од 433.134 денари се средства потрошени а финансирани од други извори за цели на спроведување на активноста. Овие средства во Извештајот за изворите и нивното трошење е прикажан како кусок на приходи над трошоци.

## 6. A1.2.1 - 25 УРБАНИ АКЦИИ - ТРАНСПОРТ, СМЕСТУВАЊЕ И ХРАНА ЗА 2 ЛИЦА

| | Во МКД |
|---|---|
| Трошоци направени и исплатени од средства од договорниот орган | 88.103 |
| Трошоци финансирани од други извори | 81.835 |
| Вкупно трошоци за активност A1.2.1 - 25 урбани акции - транспорт, сместување и храна за 2 лица | 169.938 |

## 7. A1.2.2 - 25 УРБАНИ АКЦИИ - НАБАВКА НА МАТЕРИЈАЛИ И ХОНОРАРИ ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ ВРЗ ЛОКАЛНИ (ИЛИ РЕГИОНАЛНИ) ПРОБЛЕМИ

| | Во МКД |
|---|---|
| Трошоци направени и исплатени од средства од договорниот орган | 384.984 |
| Трошоци финансирани од други извори | 183.031 |
| Вкупно трошоци за активност A1.2.2 - 25 урбани акции - Набавка на материјали и хонорари за интервенции врз локални (или регионални) проблеми | 568.015 |

## 8. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Извештајот за изворите и нивното трошење не го вклучуваат износот на средствата наменети за плаќање на ревизијата на финасиските извештаи на проектот, кои во Буџетот на проектот изнесуваат 61.500 денари и кој износ е договорен како надомест за ревизијата на финансиските извештаи на ревизорот како и банкарските трошоци за затворање на сметката во износ од 1.500 денари.

После датумот на завршување на проектот од страна на Установата од наменската средства поради природата на трошоци на настанување се извршени две исплати за плати во износ од 48.000 и банкарска провизија од 30 денари и трошоци за комуналии во износ од 5.275 денари и банкарска провизија во износ од 35 денари.